на Средна Европа непосредно по Првата светска војна. Потоа ги опишува политичките стопанските и националните проблеми на Чехословачка, Романија и Кралството СХС. На крајот ја слика ревизионистичката политика на Унгарија и договорот за основање на Малата антанта.

Во рубликата Разговори со истакнати историчари, поместен е разговорот со проф. д-р Христо Андонов — Полјански, што сметаме дека треба да се прочита.

Двобројот е богат со информации, како што се: симпозиуми, семинари и советувања. Особено се вредни приказите што упатуваат на нови книги и списанија. Такви се: „Нација и меѓународни односи" од Едвард Кардељ, издадена во 1975 година; „Нови учебници по историја во СР Хрватска"; „Вооружените борби на македонскиот народ од VI до XX век" и други.

Накратко прикажавме само дел од содржината на четирите броја од списанието за кое станува збор. Се разбира основната цел на приказот е да го поттикне читателот да се претплати на списанието, односно да го има во својата или во училишната библиотека. За жал тоа досега ретко се чини што може да се види од бројот на примероците пристигнати на адреса на нашите училишта и наставници.

Од друга страна, пак, читателите на списанието порачуваат и бараат од редакцијата да ги зголеми напорите за списанието да биде уште побогато, барем колку што е двобројот 3 и 4 од минатата година.

За да се остварат желбите и на едните и на другите, потребни се́ двојни напори: соработка преку ширење на тиражот, испраќање на материјали од практиката и науката. На пример, кога би биле претплатени повеќе училишта во нашата земја, списанието би решило повеќе од материјалните тешкотии, а тоа би можеле да го сторат наставниците по историја.

Во склопот на приказот на четирите броја искористивме и нешто простор за друга проблематика на списанието. Сметаме дека не е на одмет ако кажеме како и на која адреса и жиро сметка може да се добие списанието „Настава по историја".

Списанието излегува четири пати годишно. Цената на еден број изнесува 5 динари. Годишната претплата е 20 динари. Сметката за уплата е: 30107-601-103018 — за „Наставу повиjести", „Школска књига" — Загреб, улица Масарикова — 28.

Претплатата на списанието може да се врши и наназад за броевите од предходната година.

Д. ЛЕПЧЕСКИ

**ТАНАС ВРАЖИНОВСКИ и м-р ВОИСЛАВ ЈАКОСКИ: Разловечкото востание во современата усна прозна традиција на Разловчани. Скопје 1976.**

Стогодишнината од избувнувањето на Разловечкото востание во 1876 година и неговото одбележување со свечени академии и предавања ширум нашата земја, а особено во местата каде

што се дигна тоа во бунтовното село Разловци и во Берово, родното место на Димитар Поп Георгиев Беровски, еден од неговите водачи, предизвика голем број културно — просветни и научни установи на СР Македонија да му го посветат од своја страна сето должно внимание: Институтот за национална историја во Скопје со објавувањето на специјален труд посветен на Разловечкото востание и неговиот водач Димитар Беровски; Заводот за заштита на културно-историските споменици и природни реткости на СРМ со откривањето на премачканата наеднаш по неуспехот на востанието фреска на Поп Стојан, другиот водач на Разловечкото востание во самата Разловечка црква; Историскиот музеј на СРМ со отворање во самото село Разловци музејска изложба посветена во салата на осмолетката, како и една друга во манастирските конаци на Берово посветена на Димитар Поп Георгиев Беровски и Разловечкото востание. Паралелно со ова во Берово беше открнена и бистата на патријархот на македонската ајдучија во Источна Македонија и постар другар во борбата на Беровски, Дедо Ило Малешевски; најодзади, но не и по значење на последно место, Институтот за фолклор на СРМ во Скопје, во библиотеката на своето списание „Македонски фолклор“ ја издаде како шеста посебна публикација книгата на Танас Вражиновски и м-р Воислав Јаќоски под наслов „Разловечкото востание во современата усна и прозна традиција на Разловчани“ за која подолу ќе стане повеќе збор.

На 74 страници текст со прилично долг увод што зафаќа цели 32 страници, со богати прилози од забележеното усно раскажување на сегашните Разловчани за кренатото пред 100 години востание во нивното село, со еден регистар на анкетираните личности и со едно кратко резиме на странски јазик, книгата под горниот наслов ги поседува сите научни достоинства на еден сериозен труд.

Вршејќи теренски испитувања во самото село Разловци, Вражиновски и Јаќоски успеале да анкетираат доста лица, чии раскажувања наследени од нивните татковци и дедовци на извонредно питорескен начин и со доста детали ги оживуваат настаните од Разловечкото востание во сите негови фази, потоа неговите водачи и борци, како и неговите задушувачи. Авторите констатираат сосема правилно дека податоците од народните преданија и раскажувања до кои тие се добрале на своите теренски испитувања не се во разлез со она што историските извори и историската наука до денес го установила освен по прашањето на палењето на селото Разловци по неуспешниот крај на востанието, зашто авторот на овие редови во својата студија за Разловечкото востание тоа го тврди. Потпирајќи се на сеќавањата на синот на Поп Стојана и сам учесник во Разловечкото востание кои се изложени во писмена форма во незаменливата за овој настан книга под наслов „Триесет години назад“: потпирајќи се исто така на современичката на овие настани, учителката Јорданка Филипова, авторот на овие редови во

тритомната Историја на македонскиот народ и во својата студија за Разловечкото востание напиша дека турските војски на два пати го запалиле селото Разловци, со што Вражиновски и Јаќоски, базирајќи се на усната традиција по сто години од настанот тврдат дека селото не било запалено. Во потрага по вистината ќе укажам дека во историската наука се смета за поблиско до вистината она што современите извори и очевидци го тврдат отколку оние што се од втора или трета рака податоци. И инаку, во самата книга на Вражиновски и Јаќоски на стр. 65 анкетираниот Ѓеорѓи Ситновски на две места тврди за горење на куќи во селото Разловци. Дури на второто место анкетираниот Ситновски ја дава и бројката од 20 изгорени куќи во село Разловци, тврдејќи дека „тие са изгорели куќи..." Дека горење на села имало се гледа и од едно друго искажување на истиот Ситновски кој најмногу и релативно најквалитетни искажувања дал и кој тврди дека и блиското село Црквенец со 30 — 40 куќи го изгореле Турците.

Во преданијата, како што правилно констатираат Вражиновски и Јаќоски, Поп Стојан е главната личност на Разловечкото востание и по негово име дури го нарекуваат дури и Поп Стојаново востание. Ваквото сфаќање кај народот од овој крај е сосема природно, бидејќи навистина Поп Стојан бил на самиот терен еден од највидните организатори, додека вистинскиот иницијатор за востанието, неговиот зет Димитар Поп Георгиев Беровски, бил во илегалност и се наоѓал во Солун каде што го купувал оружјето и другите потреби за востанието.

Во раскажувањето на еден од анкетираните лица се тврди дека Поп Стојан од голема мака отишол во Белград, а оттаму дури во Русија каде што божем имал средбавање со рускиот цар. Поп Стојан му се обрнал на царот за помош и наводно овој му ветил дека Русија наскоро ќе и објави војна на Турција, па дури дека и оттаму пренесол оружје за востанието. Авторите искажале известно сомнение во ова одење на Поп Стојана во Русија недосетувајќи се дека е тоа во народната фантазија проектирање на вистинскиот факт на руското војување на Балканот, бидејќи точно по една година од задушувањето на Разловечкото востание Русија ѝ објавила војна на Турција во која зеле учество не само Димитар Поп Георгиев Беровски со својата чета од Разловчани, туку и доста македонски доброволци на чело со Дедо Ило Малешевски.

Некои од искажувањата на анкетираните Разловчани од страна на Вражиновски и Јаќоски се поклопуваат наполно со некои моменти од објавените сеќавања на Поп Стојановиот син, Коте Поп Стојанов (на пример: присуството на тајните состаноци на делегати од Берово, Кочани, Виница, Царево Село и други места; избрзувањето на Поп Стојана со кревање на востанието наместо на 20 мај на 8 мај иако е тоа ист ден (зашто 8 мај стар стил одговара на 20 мај нов стил), а наведува на мислата дека ако не самите анкетирани лица тоа барем нивните татковци имале можност да ги прочитаат овие се-

ќавања на Коте Поп Стојанов, објавени во Ќустендил уште 1903 година. Дури еден од анкетираните тврди дека и сам лично се видел со Поп Стојановиот син во Ќустендил. Впрочем авторот на овие редови доби еден оригинален примерок од објавените сеќавања на Коте Поп Стојанов од еден учител од Делчевскиот крај кој примерок доста му послужи при пишувањето на неговата студија за Разловечкото востание во 1950 год.

Инаку, голема е заслуга на авторите Варжиновски и Јаќоски што доста вешто ја средиле и систематизирале собраната материја од преданијата и искажувањата на анкетираните лица со што постигнале не само хронолошки ред на настаните туку и до крајни граници јасен преглед на подготовките и текот на востанието. Зачувувајќи го изворниот јазик и стилот на раскажувачите, авторите на оваа книга даваат можност не само на историчарите, туку и на филолозите да се запознаат со особеностите на овој наш говор. Со еден збор речено горе спомнатава книга на Танас Вражиновски и м-р Воислав Јаќоски, ретка од овој вид во нашата литература, со своите достоинства заслужува да биде настолна книга не само на научниот работник туку и за секој читател што се интересира за светлите страници од недамнешното минато на македонскиот народ.

Љубен ЛАПЕ

## Д-р КРСТЕ БИТОСКИ: МАКЕДОНИЈА И КНЕЖЕВСТВО БУГАРИЈА (1893—1903), Скопје, 1977, 415.

Со појавата на оваа студија во издание на Институтот за национална историја во Скопје, историската наука е збогатена со уште едно значајно дело за Македонија од крајот на XIX и почетокот на XX век на чие изучување во поново време се работи систематски.

Во предговорот на книгата Битоски го подвлекува значењето на последиците од војната во 1876 — 1878 и Берлинскиот конгрес кои предизвикаа крупни територијални и политички промени на Балканот. Македонија тогаш стана периферна провинција на Османлиското царство. Балканските држави не беа задоволни од исходот на војната свртувајќи ги експанзионистичките погледи кон Македонија, стремејќи се да ја убедат цела Европа во оправданоста на своите претензии кон неа, интензивирајќи ја својата црквено-училишна пропаганда на територијата на Македонија настојувајќи за себе да го придобијат македонското население. Но, општествено-економскиот развој на Македонија водеше кон афирмација на македонскиот индивидуалитет и кон стремежот на македонскиот народ за национално-политички и културен развој во сопствената државно-правна заедница. Во тие услови се јавува Македонската револуционерна организација (МРО) која за цел го има обединувањето и да ги изврши идејно-организационите подготовки на експлоатираните маси за извојување слобода во Македонија. Во својата